## 6. ЛОКАЦИИ НА КУЌИТЕ НА РОДОТ ОНУФРИЕВСКИ-
## -ЛАЛОШОИ-ГЛАВИНОИ-ВИЗАНТИЈЦИ ОД ЛЕШОК

Најстарата локација на куќите, плевните и др. на родот Лалошои во Лешок била во Старо маало од левата страна од патот кога се оди кон север под Лешочкото Кале и Лешочкиот Манастир и под изворот на кисела вода кое го викаме Бања.

На оваа, локација на која бил нашиот род Лалошои од северната страна се граничел со родот Карапанџooj, Ѓуљакои, Скукои и Прљакooj.

Од западната страна немало други куќи, туку, имало ливади, бавчи и шума со костени на кои биле газди претците на Лалошои и наведените четири родови. Во основа истиот распоред е задржан и до денес, со мали поместувања.

Куќите на Лалошои преку патот кон исток се граничеле со Кујooj, Цинцарooj, Ќапункooj, Сољooj, Такарooj, а на југ под Костоо се граничеле со Ѓољакooj, Кокooj, Јанини, Аљаљooj, Цокелooj, Гаџooj, Тошоќееј, Сандарooj, Мазаракooj.

Моите истражувања и претпоставки се дека куќите на Лалошои и на четирите родови од север со кои се граничеле Карапанџooj, Гуљакои, Скукои и Прљакooj, претставувало едно маало и тоа било Старо Маало. Целиот Лалошов род бил ограден со високи камени зидови и со високи дрвени врати-капии од дрво од костен-коштањ, за да се заштитат од арамии и зулумќари.



(Лешок, 1989 год.,Поглед од Лешочкото Кале на Лешок, Лешочкиот манастир и Полог )
(Lesok, 1989, View of Lesok's Citadel to Lesok, Lesok Monastery and Polog )

Куќите, кои биле од десната страна на патот кон север под Манастирот од родовите Качooj, Коларooj, Кујooj, Цинцарooj, Коачooj, Ќапункooj, Такарooj и др.

не припаѓале во Старото маало на Лешок, бидејќи некои од нив подоцна се доселиле во Лешок, односно се нови родови како што пишуваат Илија Петрушевски во книгата Лешок ( извор: ред. бр. 20 ), како и Петар Поповски во книгата за Мијаците-потомци на античките Македонци, кој пишува дека на крајот на 18 век се доселиле од Матија, денешна Албанија на стр. 562 и 653 ( извор: ред. бр. 50 ).

При ова, би потсетил дека Лалош живеел во Лешок некаде на крајот на 17 век и почетокот на 18 век и не е точно дека и родот Лалошои се доселил на крајот на 18 век заедно со другите родови кои дошле од Матија, денешна Албанија ( извор: ред. бр. 20 и 50 ).




(План-Скица, 2008, Лешок,Локацијата на родот Онуфриевски-Лалошои-Главинои, Византијци, во Старо маало-Бакар маало )
(Plane, 2008, Lesok, Location of the kin Onufrievski-Lalosoi-Glavinoi-Byzantines in Old quarter-Copper quarter )

Маалото кај што живеел родот Лалошои било најстарото маало во Лешок и тоа може да се сретне во разни документи. Така, во документот (договори за купување на нива во Лешок), кои ги склучил Кирил Пејчинович се споменува **Старо маало.**



( Баба Цвета Онуфриевска, невеста( нееста ), во средина и дејке од Лешок во носија,јули,1917 )
(Grandma Cveta Onufrievska, bride in the middle of the girls, who are wearing costumes,Lesok july 1917)

Моите сознанија ме наведуваат дека во тоа време во Лешок живеел некој турски бег. Можно е дека ја продал нивата на вакаф на Манастирот, оти планирал да се отсели од Лешок или можеби имал духовни потреби да продаде нива на вакаф, за поволна цена, оти и тогаш, но, и сега муслиманите многу почитуваат вакавски места и сметаат дека Господ- Алах ќе им помогне за здравје и среќа. Познато е дека во Лешок има и место Чифлик во Долно маало под манастирската ливада и најверојатно имало некој турски ага, кој бил сопственик на овошната градина во Лешок, која се граничела со црквата и со Китан, а била преку јавниот пат, а која јапродал на јеромонахот Кирил.

Во написот на Новица Велјановски: Економското зајакнување на манастирот во Лешок во времето на Пејчинович врз база на зачувани докумнети од Зборникот под наслов Кирил Пејчинович и неговото време, Тетово 1973 година (извор: ред.бр. 119 ). на стр. 13 до 19 ги објаснува неколку подарувања и купувања имот од страна на Кирил, за сметка на зајакнување на вакафскиот имотот на Манастирот, при што објаснува неколку договори за купопродажба (извор: ред. бр. 119 ).

Договорот гласел: *„ Договор за купопродажба со кој Абас-ага син на Мула Хусеин од* **старо маало***( веројатно од Тетово) пред мутесарифот на тетовската муката му ја продава на игуменот Кирил во Манастирот Св. Атанасие во Лешок*

*овошната градина во површина од едно кило семе за 300 гроша, што се наоѓа близу до Манастирот во селото Лешок, со услов да ја увакуфи на манастирот Св. Атанасие во Лешок. Овошната градина* **се граничи со Китан**, *црквата и јавниот пат. „*

Од овој договор може да се констатира дека Абас-ага имал нива **до нивата на Китан**, а ова може да се претпостави дека тоа бил поп Китан од родот Лалошои, кој имал ниви во месноста Јанеско, на кое место потомците на Китан, односно на поп Спиро, браќата Стојан Спироски и Петре Спирски и браќата Душан и Мирко Божинои Спироски имаат изградено куќи. Локацијата Јанеско се наоѓа на исток од Црквата Св. Атанасие, преку патот.

Ако, договорот за купопродажба се однесувал за нивата преку патот на запад на кое беше манастирското лозје, а појужно и Булино, кое исто така, е до нивата на поп Китан од Лалошои, кои денес припаѓаат во наследство на Александар Михајлов Попов од Софија, Илија Митов Јастревски од Риека, Јасре Јовев Поповски од Лешок, потомци на поп Китан, поп Симон и поп Онче, односно внуци на Јасре поп Ончев.



( Двете соби, над влезната врата, кои ги доградил дедо ми Трпо Онуфриевски во 1922 год. во старата куќа на родот Византијци-Онуфриевски- Лалошои-Главинои, во Старо маало, Лешок )
(Twice room, above entrance door, which are built into by my grandfather Trpo Onufrievski in 1922 in the old house of the kin Byzantines-Onufrievski-Lalosoi-Glavinoi, in Old quarter-,Lesok)

Интересно е дека Абас ага бил од **старо маало** и дека продава овошна градина на Манастирот. Претпоставката, на авторот Велјановски дека најверојатно Абас ага бил од старо маало од Тетово, се произволни и не се со ништо документирани.

Анализирајќи го времето и маалата во Тетово, не сретнав дека во Тетово имало Старо маало, како што е споменато во написот на Новица Велјановски, туку се споменуваат христијански и муслимански маала.

Така, во книгата Тетовски споменар 1919-1941 од Светозаревиќ Бранислав, од 1999 додина, на стр. 45 ги споменува маалата во Тетово (извор: бр. 29 ).

Во книгата Тетовски споменар, може да се прочита следниот текст:

„ *Градот бил поделен на маала. Христијаните претежно живееле во постарите делови на градот, во подножјето на планината, каде што се следните*

*маала: Горно маало, Колтук, Јајчарево маало, Два бреста, Певчина, Јаковчеа чешма, Чапчакоо сокаче, Поток, Дол, Долно маало, Чанакоо сокаче, Долна бања, Три дуљца, Брезјанско маало, Паша петрино сокаче и др.*

*Муслиманските маала се понови и се простирале покрај реката од нејзините две страни во полето: Теќе, Ќупрулу (мост), Гам-Гам, Шех маало, Товаана, Сељчубеј, Саалана, Кунлук, Алаца џамија маало, Зендел, Амам, Балези чешма, Циганско маало, Горна чаршија, Ескиџамија маало, а во Саат маало кај саат кулата и саат џамијата имало и христијански и муслимански куќи.,,*

Според мене поверојатно е и поиздржано дека како што имало неколку чифликсјабии во Ратае ( Есад паша ), Копањце и др. села, најверојатно имало и некој Турчин, чифлик сајбија во Лешок и да живеел под Костоо во Старото маало кое било под Бања или живеел блиску до Чфликот во Долно маало. Јас, лично се сеќавам и сум гледал остатоци на куќи и камени блокови под Костоо, денес кај што живеат родовите Ѓољакои, Цокелоој, Јанини, Кокои, Сандароој.

За чифлигарстовото во турско време пишува проф. д-р Панче Кировски од Тетово на стр. 115 до 120 во написот: Чифлигарството во Полог, во книгата Кирил Пејчинович и неговото време, Тетово, 1973 година (извор: ред. бр.118 ).

При ова, треба да се има во предвид дека со осамостојувањето на Српската, Бугарската и Грчката држава, турските власти ги губат позициите и турските аги и бегови го наслутуваат слабеењето на Турција и почнуваат да го продаваат имотот за многу поевтина цена, што Кирил и црквата многу мудро го користат за да го зголемат имотот, а оваа појава на продавање на имот од страна на Турците е добро обработена во напиот на Новица Велјановски.

Според мои сознанија, а на основа археолошките остатоци од стари камени блокови под Костоо, каде денес се куќите на Ѓољакоој, Јанини, Цокелоој, Кокоој, Аљаљоој, а кои и Јас лично сум ги гледал кога сум играл со децата, како и камениот блок кој и денес се наоѓа во дворот на Петко Петрушевски од Цокелоој, на оваа локација имало стари куќи и најверојатно тука живеело некое турско семејство, кое ги продало нивите и имотот и се отселило. Мислам дека не е случајно што гробиштата Св. Харалампие на Костоо се префрлени на другата локација во Булино на крајот од 19 век и на почетокот на 20 век, кога со балканските војни Турција ги напуштила нашите краеви. Имено, во минатото во овие гробишта се закопувале претците од родот Лалошои, како и од другите родови. Но, на Костоо биле погребани и 14 наводно „српски “ војници на кои 1932 година им бил подигнат споменик, орел со раширени крилја, а бугарската војска го разурнала во септември 1944 година при капитулацијата и при повлекувањето (извор: ред. бр. 20 ).

Можеби за време на Балканските војни и во Првата светска војна на Костоо биле погребани и „ бугарски “ војници. Во јужниот дел од гробиштата имаше многу остатоци од големи блокови камења и можно е појужно во минатите векови да биле закопувани и некои Турци. Мене ми се чини дека не е случајно што нашите претци ги преместиле гробиштата на другата локација, која е подалеку за само не цели 200 метра во местото Булино. Секако дека ова треба дополнително да се истражува и утврди. За името Булино, јас забележав приказна-легенда која ми ја кажа баба ми Цвета и е внесена во поднасловот 7.2 – Локациите на гробовите.. и под 22- Црквите во Лешок….

Ова е доказ дека во Лешок живеел стариот род Лалошои и затоа и во договорот за купопродажба е спомената Старо маало, што пак потврдува дека и Лалошои биле најстар род во Лешок со долговковна свештеничка традиција.

Досега не сум сретнал во некоја книга авторот да напишал дека во Лешок, порано живеело, покрај христијанското и турско население. Моите сознанија се дека во минатото во атарот на селото Лешок живееле и неколку Турци, а потврда се топонимите кои се задржани и до денес, кои и јас ги паметам и знам (Булино, Ќулечио, Кадриино, Чифлик, Булин гроб, Бајрамоа нива и др.

Интересно е дека четирите места (Булино, Ќулечио, Кадриино и на Чифлик ) се сопственост на родот Лалошои. Така, Ќулечио беше наследство на Живко и Слободан Спироски, а денес Слободан има изградено нова куќа, Кадриино беше на Томе Поповски, кој го продаде, додека Булино е на повеќе наследници кои ќе ги споменам подолу. Што се однесува до Чифлик во Долно Маало сопственик бил некој турски бег и таму работеле кулуци и надничари од Лешок и од другите села.

Моите сознанија и претпоставки се дека во Старото маало-Лешок во местото Булино, во минатите векови газди биле некое турци. Исто така, газда било турско семејство и во Долно маало и тие го имале Чифликот.

Моја претпоставка е дека цитираното лице Абас-ага син на Мула Хусеин од **старо маало** бил од Лешок и тој ја продал нивата на Кирил за вакаф на Манастирот. Пред да се иссели Абас-ага, една нива како што гледаме од него купил Манастирот, а местото во Булино го купиле поп Симон од родот Лалошои. Како доказ наведувам дека денес во Булино имаат места-ливаде потомците на поп Симон, поп Онуфрие и поп Спиро, Слободан Спироски, Боре Спироски, Томе Поповски, Александар Попов, Илија Јастревски, Ане Поповски, Миле Спироски, Симо Симоновски, Иван Пауновски, Јоанче и Лазо Коцевски, Благуњ Ацовски и др.

На месноста Булино, на крајот на 19 и почетокот на 20 век, гробиштата од Костоо ( Св. Харалампие ) се растурени и се префрлени во Булино, денес гробишта Св. Ѓорѓија, каде се погребуваат мртвите.



( Лешок, август 1917, на свадбата на Трпо и Цвета Онуфриевски, пред старата куќа на Лалошои-Главинои, седи Столе Кировски-Скуко)
( Lesok, August,1917, the wedding of Trpo and Cveta Onufrievski, before the old house of Lalosoi-Glavinoi, Stole Kirovski- Skuko is sitting)

Ми се чини дека овие мои претпоставки ќе се утврдат во иднина, кога ќе се отворат турските тапии и турските пописни дефтери од 16 до 19 век, па, дури и од почетокот на 20 век.

Јас би сакал да укажам дека од кажувањето на баба ми Цвета, татко ми Живко, дедо Андро и други, сите кажуваа и негуваа блискост и почитување во минатото со Скукооj. Така што, јас би кажал дека баба ми Цвета ми кажуваше дека дедо ми Трпо Онуфриевски бил во многу добри односи со Столе Кировски Скуко. Така, имам слика од свадбата на дедо ми Трпо и баба ми Цвета во 1917 година, на која е седнат до дедо и Столе Скуко, кој го паметам и мислам дека има потекло од Варвара. Столе имал кафана под киселата вода на Бања, а дедо Трпо многу пати одел во кафаната и многу сакал да игра карти. Имам слика од свадбата на баба и дедо на која може да се видат заедно. Потеклото на Столе Скуко било од Вравара, а по баба му имал врска со нашиот род Лалошои- Глајнои. Дедо ми Трпо бил многу близок со Столе Скуко, оти биле втори братучеди по Лалошои-Главинои. Баба му на Столе Скуко била сестра на Стојан ( ред бр. 22), син на Паун (ред. бр.12) од Лалошои. Ова ми го раскажа проф. во пензија Мирко Костев Кировски или Симјановски, внук на Столе Скуко во јуни 2009 година.

Кога бев дете, некои луѓе велеа дека Лалошои и соседните родови се од Старо маало, односно Бакар маало, при што, заедно со Тенеке маало го сочинуваа Горно маало на Лешок.

На старата фотографија од 1922 година се гледаат високи зидови и дека над влезната врата, имало простории со два прозори што јги доградил дедо Трпо, која му била работна просторија и библиотека.

Од сликата може јасно да се види дека куќите од кај патот биле оградени со високи камени зидови и со високи и масивни дрвени врати-капии. Така овој зид продолжувал и ги оградувал и куќите на Паунооj, потоа, зидот од север бил заграден со Карпаџоој, Гуљакоој и Скукоој, Прљеej и така зидот завршувал до Јулица. Потоа, од западната страна од кај Јулица имало високи камени зидови каде биле семејствата на Коце и Дамјан. Зидот од јжната страна над Костоо продолжувал под Циљооj и одел се до главниот пат под куќата на Андро Поповски. Значи, очигледно е и може да се види од сликата дека Старо маало околу било заградено со високи зидови.

Вака, оградување на зидовите било неопходно во Турско време, а посебно во времето пред и после Илинденското востание, Балканските и Првата светска војна. По завршувањето на Првата светска војна се смирила ситуацијата и се немалила и потребата од заградување со вака високи зидови и со ширењето на родот се створаат нови фамилии, се градат нови куќи, а дел од камењата од зидовите се употребуваат за изградба на новите куќи. Така, прв дедо Атанас изградил куќа над Костоо, потоа дедо Ѓиго изградил куќа.

Дедо ми Трпо во 1921 година доградил две соби веднаш до патот и над капијата, што може да се види и од фотографијата на старата куќа од 1922 година на Лалошои. Едната соба била спална, а втората му била работна соба и во таа била сместена библиотеката и работната маса и работна столица. Во старата куќа родени се Татко ми и чичко ми, како и двете сестри Ратка и Олга кои мали умираат. По 10 години дедо Трпо во 1932 година изградил нова куќа под Бучејца во местото Пуздерлица, кое се граничи од исток со Иљо А. Ристовски. Местото Пуздерлица било од наследство на баба Андројца од тетка и Парасија од Коачоој, која не била мажена и живеела заедно кај дедо Андро Поповски. Местото во Пуздерлица дедо Андро му го отстапува како замена за место и доградениот дел од најстарата куќа кои му следувале на дедо Трпо. Така, дедо Трпо почнува да гради 1931 година и ја

завршува куќата во 1932 година и се преселуваат во новата куќа. Така, на местото на старата куќа над Костоо останува да живее дедо Андро со фамилијата. Дедо Трпо бил сериозно болен од стеноза на срце кое било неизлечива болест и сакал да изгради куќа за децата да му имаат кров над глава и да не му се растурат. Куќата била со европски стил и архитектура и дедо Трпо заедно со своето семејство баба Цвета, двете деца Живко и Слободан и со татко му Спиро, мајка му Менуша и сирачето Боре од брат му Никче се преселуваат во новата куќа.



(Куќата на Трпо и Цвета Онуфриевски,свадбата на Живко и Јорданка Спироски, 8.11.1942 г. ,Фото, Спасо Ристов Милосавлевски -Сирмин од Лешок- Извор: ред. бр.63)
(The house of Trpo and Cveta Onufrievski,the wedding of Zivko and Jordanka Spiroski, 8.11.1942,Photo, Spaso Ristov Milosavlevski -Sirmin - Lesok-Source: ordinal number 63)

Во старата куќа во која живеел порано поп Онуфрие ( поп Онче) со жена му Детелинка Петковска и децата, останал дедо Андро Поповски со жената Перса и со нејзината сестра Парасија,која била инвалид и со децата Томе и Ана. Подоцна, во 1938 година дедо Андро Поповски изградил нова куќа веднаш до патот, на кое место е и денеска живее аџо Томе Поповски со жената Фанка и синот Драго Поповски.

Во 30-те години нова современа куќа гради и дедо Софро Исаковски, во која живееја синовите Лазо и Јоанче Коцевски се до 60-те години, кога се преселуваат во Ѓорче Петров односно Скопје.

Во книгата: Кирил Пејчинович и неговото време, издадена под покровителство на Кочо Тулевски претседател на Општинското собрание во Тетово во 1973 година, а издадена по повод 200 години од раѓањето на јеромонахот Кирил Пејчинович, е збир на трудови од симпозиумот одржан во 1971 година, Крум Томовски има објавено текст со поднаслов: Народната архитектура во селата Лешок и Теарце ( извор: ред. бр.120 ).

Во текстот на стр. 191 до 202, Томовски ги опишува две стари селски куќи со типична лешочка архитектура и тоа: на Давид Ристовски и на Златан Димитриевски.

Јас се сеќавам и на куќите на дедо Давид од Лешкооj-Попооj, кој бил син на Ката, сестра на прадедо ми Спиро. Дедо Давид имаше ќерка Трпана која беше калуѓерка во Побожје Скопско. Дедо Давид со синот Божин многу пати беше пудар на лозјата, а дедо Златан од Циљооj секогаш одеше на поле со магарето.

Во разговор со чичко ми Слободан Спироски и чичко Томе Поповски за најстарата куќа, во која живееле поп Симон со синот Онуфрие и осумте деца, тие ми рекоа дека ја знаат куќата и дека се качувале на чардакот и оделе во плевната каде имало стока. Чичко ми Слободан ми рече дека куќата била многу долга и имала многу соби оти во неа живееле поп Спиро со татко му поп Симон и со браќата Јасре, Атанас, Ѓорче и Саро и двете сестри Ката и Ристана, дел од старата куќа може да се види на трите стари фотографии од 1917 и 1920 година.



( Чичко Томе Андров Поповски и чичко Слободан Трпов Спироски, 23 јули 2005 г., предавањето на обновената црква Св. Атанасие од Европската Агенција за реконструкција)
( Uncle Tome Androv Popovski and uncle Slobodan Trpov Spiroski, 23 July,2005, handing-over of the rebuild church St Atanasie of European Agency for reconstruction)

Чичко ми Слободан за најстарата куќа ми рече дека многу добро се сеќава: „ *Е, куќата беше многу дл,га и имаше едан гољем дрвен чардак у средината, а у дл,жина беа многу собе. У куќата беше тарапаана, полна беше со људи и деца. Куќата беше ка задруга. У неа живеље заедно аџо Андроа и децата, со дедо ми Спиро, баба Менуша. Смо спиеље на душеме постељено со рогозина, со мама, со брат ми Жифко и со Борета. Старата куќа беше позади сегашнава куќа на Томе Попоски, накеј Дамјанооj и Софрооj. Куќата беше многу дл,га и почнуеше доље од зидот карши куќете на дедо Атанаса и Ѓигота и беше дл,га све горе до Пауноoj. Куќата љичеше ка старата куќа на аџота Давида и Микаеља Ристоски- Дaљо от Попоските, ако се сеќааш на неа.”.*



( Ваков бил, распоредот на најстарата куќа на Онуфриевски-Лалошои-Главинои, која била позади куќата на Томе Поповски)
( This is the layout of the oldest house of Onufrievski-Lalosoi-Glavinoi, wich was behind Tome Popovski's house)

Атанас изградил куќа, до патот веднаш под сегашната куќата на аџо Томе. Јасре изградил куќа до патот над куќата на дедо Андро сега на аџо Томе. Покрај патот, веднаш над куќата на кметот Јасре, куќа изградил и Ѓорче. Ѓорче прв ја продал куќата и се преселил во Скопје односно денешно Ѓорче Петров. Ѓорче ја продал куќата во 1927 година на Петруш од Ќапељаноој кој се доселил од Брезно.

Дедо Тоде Гуде од Дамјаноој од родот Лалошоој има една ќерка Миљана која се мажи во родот Мазаракоој и се преселува кај неа да живее во половина од старата куќа веднаш до патот под Бучејца.

Кога одев кај баба Андројца за Прочка или Велиден, во дворот на крајот кон запад накај дедо Блаже од Дамјаноој, од дворот имаше остатоци од камења од некоја куќа или плевна, но, јас не знаев од што биле камењата. Сега дознав дека таму била најстарата куќа на Лалошои односно куќата во која се родил дедо ми Трпо, потоа прадедо ми Спиро, таму се родил и живееле и поп Онче, потоа поп Симон, поп Китан и т.н. Во доградениот дел на најстарата куќа на баба Цвета и дедо Трпо им се раѓаат синовите Живко и Слободан и ќерките Ратка и Олга.




( Исклесани на каменот иницијали (МС ) на Митко и Славица Спироски, 2007 год. на зидот под Кале )
( Made initials on the stone (MS )at Mitko and Slavica Spiroski, year (2007) on the wall by Citadel )

Куќата на дедо Златан од Циљоој беше во Старо маало, помеѓу старите куќи на дедо Андро, дедо Атанас, дедо Ѓиго, дедо Блаже, дедо Јоше и дедо Анѓелко. Дедо Златан Димитриевски кој го викавме Циљо, бил син на Димитрие, кој бил внук на Марта, сестра на поп Симон и Дамјан од нашиот род Лалошои. Значи, со Марта родот Лалошои по машка линија е прекинат, но, меморијата го знае и го почитува дека Марта и нејзините потомци биле од нашиот род, но, по женска линија и ги викаме Циљоој.

Куќата на дедо Давид Ристовски кој го викавме Даљо, беше во Тенеке маало и беше помеѓу Станкоој и Момироој. Дедо Давид беше син на Ката, која била сестра на прадедо ми Спиро. Ката била мажена во Лешок во второто свештеничко семејство родот Лешкоој односно Попоој ( види: Табела бр.23 ). Според мене вториот свештенички род се вика Лешкоој, а денес помалку има основа да се вика Попоој, затоа што денес во Лешок има само едно семејство со презиме Поповски, додека Лешкови има повеќе семејства и тоа во Тетово, Скопје и Софија и Пловдив во Бугарија.



( Лешок, ноември,2007, комшијата Бесим Неими од Слатина, пред рибникот кој почна да го гради на Лешочката река во местото Кале )
( Lesok,November,2007, the neighbour Besim Neimi - Slatina, in front of the fishery,he started to build it on Lesok’s river – Citadel)

Сметам дека не е исправно во Лешок да се вика само овој род Поповски односно Попоој, иако, и ова семејство има свештеници во минатото, а попови нема веќе век и половина. Би скал да напоменам дека мојот свештенички род Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци има многу семејства кои се презиваат Поповски, Попов и Попоски. Така, ќе го споменам дека Поповски се презиваше дедо Андро Спиров Поповски, синот Томе и внукот Драго Попоски, потоа Јасре Ончев Поповски, со синовите Мито Поповски и Петре Поповски и вуците Јове и Ане, како и правнуците Јастре и Ивица Поповски. Исто така, синот на Јасре Ончев Поповски,

Микаел (Михајло) се презива Попов, а се преселува 1932 година со смејството во Софија и неговите синови ( Александар-Сандро, Марко и Бошко ) се презиваат Попови, а ќерките на Михајло Јасрев Попов, Снешка и Цеца до мажење се презиваат Попови. Александар-Сандро Михајлов Попов и двете сестри Цеца и Верка, Софија, Јануари 2004 г. кој иако е отселен во Бугарија сеуште има имотен лист на ливада во Булино. И внуките на Мито се презиваат пред мажење Поповски: Десанка, Вита, Николина, Дафинка и т.н. Во некои документи и дедо ми Спиро се евидентира како Поповски, потоа попадија Менуша се води како Поповска, дури и на гробот е исклесано Менча Попоска, до мажење Поповски ги викаеле и некои имале и презиме и некои од синовите на поп Ѓиго,како Тодор, Гоко, Ана, ќерката на дедо Андро, па, и неколку внуки и правнуки пред мажење се презивале Поповска: Олга, Вера, Вида, Иванка, Добринка, татко ми и чичко ми Слободан и Боре ги викаја Поповски или Попој и др.



(Митко Спироски во посета на домот на Александар-Сандро Михајлов Попов и двете сестри Цеца и Верка, родени во Лешок,преселени во Софија, Јануари 2005 г. -Извор: ред. бр. 141)
(Mitko Spiroski with Aleksandar-Sandro Mihajlov Popov and two systers Ceca i Verka, to bear in Lesok, to live in Sofija, January 2005 . -Source: No. 141)

Би сакал да напоменам дека нас правнуците, иако имавме други презимиња, децата и постарите неословуваа со Поп, поп Спирооj, поп Ѓигооj, Попооj, Попоски, а некои има и прекар Попе ( Иван Попе), Многу од правнуците и мене меословуваа со Спиро, Спире, поп Спире, Попе, а Јас во последните години во пишуваните материјали се потпишувам Митко Поп Спироски или Митко Спироски - Лешочки.

Значи, не е исправно и не може само родот Лешкооj да се вели иословува Попооj, туку, би рекол, многу повеќе одговара родот Лалошои да се пишува во книгите и да сеословува како Попоски, Попооj, Попови, затоа што и денес има многу лица со презимето Поповски, а би сакал да напоменам дека најповеќе попови, калуѓери и лица со свештеничко образование има родот Лалошои.

Старите куќи во Лешок се на приземје и кат со потчардак односно трем кој се викаат чардаклии. Во Лешок преовладуваа овој тип на куќи. Скоро кај сите куќи во приземјето во предниот дел е сместен потчардакот, а до него се наоѓаат и дрвени

скали кои водат до катот. Од потчардакот се влегува во пондила и клет. Во некои куќи во потчардакот има котец за свињи, потоа кош, амбар и др. На катот од скалите се оди на чардакот кој е голем да може да се организираат слави, свадби, крштевки и други прослави. Од чардакот се влегува во куќата, одаја и во едно помало одајче, а во зависност од тоа колку е бројно и како е организирано семејството има и неколку соби за спиење.

Значи, на приземјето во пондилата е сместена стоката: крава, коњ или магаре, овци, а во котецот се сместени свињите, додека, луѓето се сместени на катот. Подоцна, се градат куќи во кои се сместуваат само луѓето, а за стоката се зида посебна зграда-плевна, при што, на приземјето од плевната има кош за пченка, посебна пондила за крупната стока ( крави, волови, коњи и магариња) и котец ( за свињите), а на катот се сместува сеното, сламата, љонѕа и др. и на катот има и кокошарник за кокошките.

Јас се сеќавам на старата куќа на дедо Спиро и дедо Атанас, на дедо Андро, дедо Блаже и дедо Анѓело Дамјановски, на аџо Иван и Симо Пауновски, како на старата куќа на дедо Златан Димитриевски Циљо.



( Куќата на Столе Стојановски од Пауноој од родот Лалошои од Лешок)
( Stole Stojanovski' house - Paunooj of the kin Lalosoi - Lesok)




( Куќата на Борис Лазов Коцевски од родот Лалошои од Лешок )
( The house of Boris Lazov Kocevski of the kin Lalosoi -Lesok )

Првичната и најстара локација на куќите на родот Лалошои била на местото на кои беа старите куќи, а кои јас го паметам и тоа:

Најстари куќи во кои живееја фамилии од мојот род од 50-те до 60-те години, беа: на дедо Атанас, на баба Јасрејца, на баба Драганица и Иван Паунооој, на дедо Блаже, на дедо Јоше и дедо Анѓелко, на дедо Ѓиго, а стоеше и старата куќа од Ѓорче Ончев која ја продал на Ќапељанооj, на една половина од куќата под Бучејца и до Аљаљооj живееше дедо Тоде-Гуде, кој во стари години оди кај ќерката Миљана во Мазаракооj, потоа во старата куќа живееше и дедо Златан од Циљооj, кој веќе не е род по машка линија од Лалошои, туку, по женска линија по баба му Марта.



( Старата куќа на дедо Атанас Онуфриевски, нажалост во 2006 г. срушена)
( The old house of grandfather Atanas Onufrievski, in 2006 it is pulled down)

Така, во 50-те до 60-те години се живееше во куќите кои ги изградиле 30-те години: дедо Трпо, дедо Софро, дедо Андро и пра дедо Спиро. Од овие куќи денес стојат само куќите на дедо Трпо, на поп Спиро и на дедо Андро, а куќата на Софро во 2006 година ја урнаа Дракче и Мирко Коцевски.



( Старата куќа на поп Ѓиго Спиров Онуфриевски, која имам идеја да биде етно Музеј )
(The old house of priest Gigo Spirov Onufrievski, I have an idea to be an ethnological Museum)

Локацијата била на истото место на кое сега се лоцирани куќите на Томе Поповски и синот Драго, Ане Поповски и синот Ивица, Крсто Дамјановки, Душко Дамјановски, Петре Дамјановски, Дракче Коцевски, Мирко Коцевски, Васко Стојановски, Иван Пауновски, Петрејца и синот Ане Поповски и на локацијата на куќата на браќата Трпо и Борис Ончевски, која нивниот татко Петруш (дојден од Брезно) ја купил од Ѓорче поп Ончев, кој е од родот Лалошои во 1927 година и Ѓорче се преселил со семејството во Ѓорче Петров. Интересно е дека до 60-те години имаше куќа под Софрооj и Дамјанооj и живееше Златан Димитриевски-Циљо со синовите Трпо и Момчило, при што Трпо им го продал куќното место на Јоанче и Лазо Коцевки, денес Мирко и Дракче Коцевски. Трпо Димитриевски изгради нова куќа под Збирало и денес живее со сопругата Кита и донесениот син Ѓоко Димитриевски.

Под куќата на Андро Поповски веднаш до патот од левата страна кон север беше куќата на дедо Атанас Онуфриевски со домазетот Ане, а сега Благуњ Ацовски со синовите Живко и Ацо Ацовски. Лево до дедо Атанас беше куќата на дедо Ѓиго Онуфриевски, сега Миле Спироски и Иван Спироски.

Од десна страна кон север под Бучејца во 1932 година изградиле нова куќа Трпо и Цвета Онуфриевски и живееле заедно со сопругата Цвета и двата сина Живко и Слободан се до смртта на дедо Трпо 1933 година. Во куќата од 1932 година со Трпо и Цвета живееле заедно и поп Спиро, Менуша и Боре Спироски-сираче, бидејќи татко му Никче умрел 1926 година, а мајка му се премажила во Непроштено.

Неколку години по смртта на Трпо, поп Спиро гради нова куќа и во 1937-38 за да го обезбеди аџо Боре и се преселуваат во новата куќа со попадија Менуша.



(Старата куќа изградена од Спиро и Менуша Онуфриевски, во 1938 г.)
(The old house built by Spiro and Menusa Onufrievski in 1938)

Од родот Лалошои во 70-те години нова куќи изгради Миле Спироски, над Костоо веднаш под старата куќа која ја изградил дедо Ѓиго, при што старата куќа сеуште стои и се користи како плевна. Во 60-те години тетин Ане, домазет од Момиროој, маж за тетка Тодорка, заедно со и Благуњ Ацовски, кој е посинет од едната сестра (Петра) мажена во Теарце, изградија нова куќа веднаш под старата куќа над Костоо. Благуњ со синот Живко во 90-те години доградија до куќата нов дел во кој денес е кафеаната ДИ-ДИ. Старата куќа од дедо Атанас ја срушија пред две години, а јас ја сликав и ја давам погоре.



(Спироски Борев Петре,коси трева пред новата куќа во Јанеско )
(Spiroski Borev Petre is cutting grass in front of the new house by Janesko )

Старите куќи на дедо Атанас и на дедо Ѓиго беа со автентична лешочка стара македонска селска архитектура, како што ги опишува Крум Томовски во неговите две книги: Средновековните градови во Полог ( извор: ред. бр. 30) и Стари објекти во селото Лешок ( извор: ред. бр. 31).

Пред две години Благуњ Ацовски ја урнал старата куќа на дедо Атанас и денес остана само куќата на дедо Ѓиго и сметам дека треба да се направи елаборат, да се покрене акција да се реновира, реконструира и да се направи Етно музеј на Лешок или на родот Лалошои.



(Фото: Митко Спироски, декември 2001, Куќите на Миле Спироски и Благуњ Ацовски , над Костоо)
(Photo: Mitko Spiroski, December,2001, Houses of Mile Spiroski and Blagunj Acovski , above Kostoo)

Во 70-те години изгради нова куќа Јове Поповски, денес во неа живее неговиот син Јастре Поповски со сопругата и синот.

Во 70-те години нова куќа изградија Боре Спироски заедно со синот Владо, во која денес живеат Владо-Ладе Спироски со синот Коле Спироски. Старата куќа на Спиро денеска Владо Спироски со синот Коле ја користат за остава на стари работи.

Во 80-те години на местото на старата куќа, нова куќа-викендица изгради Крсто Дамјановски.

Во 80-те години нова куќа во Долно маало, во Месноста Млака изградија Живко и Јорданка Спироски, која во 2005 година Живко со тестамент ја дава на Милица и тоа приземјето и на Мирко му ги дава катовите.



( Фото: Митко Спироски, Живко Спироски на 24. Мај 2000 год. за прв пат по 45 години и 8 години по судови влегува во куќата во Скопје, која ја купиле 1955 г. со сопругата Јорданка. За да им се врати оваа куќа на моите родители, станарите од Лазарополе ми претеа со одземање на мојата глава или на моите деца, за што Господ ме спаси)
( Photo: Mitko Spiroski, Zivko Spiroski on 24 May,2000 first time after 45 years and 8 years after going to courts he is coming in in the house –Skopje ,which is bought with the wife Jordanka in 1955.For returning of this house of my parents, The occupiers on Lazaropole, I had a threat for me and my children,but God has saved me.



( Куќата на ул. Рајко Жинзифов бр. 48-а во Скопје, Буњаковец, која моите вредни родители Јорда и Живко Спироски ја купиле 1955 година и 45 години не стапнале во неа т.е. до 24 Мај 2000 год.)
( The house (address: street Rajko Zinzifov number 48-a in Skopje, Bunjakovec) which is bought by my hard-working parents Jorda and Zivko Spiroski in 1955 and 45 years they didn't come in there, in other words to 24 May, 2000 )

Во 80-те години нова куќа изгради и Слободан Спироски на нивата Ќулечио од лева страна од патот спроти училиштето.



(Племната на Слободан и Живко Спироски од Лешок )
(The stable of Slobodan and Zivko Spiroski - Lesok )

Во 80-те години нова куќа изгради Иван Пауновски, во кој живее неговиот внук Иљчо Богдановски, од сестрата Славка мажена во Цинцарооj.
80-те години куќа-викендица изгради Столе Стојановски од Пауноој.



( Куќата-викендица во Јанеско на Стојан Борев Спироски)
( The house-weekend cottage by Janesko of Stojan Borev Spiroski)

80-те години на Збирало од десната страна на патот кон север изгради нова куќа Ратко Глигоровски, кој почина 2008 година и во неа живеат двата сина Горан и Зоран Глигоровски.

90-те години нова куќа изгради Сандро Стојановски под Булино и Костоо во која живее и денес.

Во 2000-та година нова куќа под Збирало изгради Боре Митов Ончевски, во која денес живее како пензионер.




(Куќата под Збирало на Боре Митов Ончевски )
(The house by Zbiralo of Bore Mitov Oncevski )

Во 90-те години во Јанеско десно преку патот од Лешочкиот манастир изградија куќа - викендица Божин Спироски со синовите Душан и Мирко Спироски.



( Куќата-викендица во Јанеско на Божин Ѓигов Спироски во која доаѓаат синовите Душан и Мирко Спироски и ќерката Јованка)
(The house-weekend cottage -Janesko of Bozin Gigov Spiroski where the sons Dusan and Mirko and the daughter Jovanka come)

По 2000-та година во Јанеско изградија куќи-викендици и Стојан Спироски и Петре Спироски.



( Куќа изградена 1984 г. од татко ми Живко и мајка ми Јорда Спироски, во Млака,Лешок)
(The house is built in 1984 by my father Zivko and my mother Jorda Spiroski, in Mlaka,Lesok)

По 1998-та година Слободан Спироски му ја продаде половина од наследството од старата куќа од дедо ми Трпо на татко ми Живко, при што, татко ми Живко во 2004 година ја реновираа и му ја подари на синот Мирко.



( Новата куќа изградена 1990 г. од Слободан (Цобе ) и Лубица Спироски, во Ќулечио, на сликата Аџо Слободан-Цобе, 2008 г.-Извор: ред. бр. 137)
( The new house is built in 1990 by Slobodan (Cobe ) and Ljubica Spiroski, in Culecio, on the picture uncle Slobodan-Cobe, 2008-Source: ordinal number 137)

Во 2005-та година Дракче Коцевски под старата куќа на Софро, изгради нова куќа-викендица, при што плевната заедно со братучедот Мирко Коцевски ја задржаа.



( Старата куќа ( срушена) на Софро и Славка Исакоски-Коцевски од Лешок, на скалите подолу Доца(Лазојца) Коцевска со синот Борис)
( The old house (which is demolished ) of Sofro and Slavka Isakoski-Kocevski -Lesok, on the steps down Doca (Lazojca) Kocevska with the son Boris)


(Куќи на Дракче Коцевски и Васко Стојановски и старата куќа на Диме и Анѓелко Дамјановски) )
(Houses of the Drakce Kocevski and Vasko Stojanovski and the old house of Dime and Angelko Damjanovski )

Во 2006 година јас Митко Спироски купив ливада во локацијата Кале над Лешочкиот Манастир до Лешочката река, од Ѓоко Ковачевски од Лешок, кој има потекло од родот Коачooј од Варвара, со намера да изградам кров над глава.


( Ѓоко Крстов Ковачевски од Лешок, во нивата на Кале која ми ја продаде во 2006 год.)
( Goko Krstov Kovacevski - Lesok, in the field of Citadel,he sold me the field in 2006)

Во 2007 година, го заградив плацот со камена ограда, спроведов водовод, изградив септичка јама, во 2008 година ставив железна врата, спроведов струја,

направив план, ги платив комуналиите на општина Теарце, добив градежна дозвола и планирам да изградам мала викендица и магацински простор за одгледување пчели.

Би сакал посебно да напоменам дека денес 2008 година живее аџо Иван Пауновски во старата куќа под Бања, карши куќите на Ќапункooj.



(Иван Драганов Пауновски, пред старата куќа, под киселата вода на Бања,март 2008 г. )
(Ivan Paunovski, in front of the old house by mineral water of Banja- Health resort, March 2008 )

Денес, 2008 година, во атарот на Лешок од родот Лалошои, само по машка линија има 25 стари и нови куќи.



(Нови куќи: Јасре Поповски, Миле Спироски и Благуњ Ацовски од Лалошои над Костоо во Лешок)
(New houses of Jasre Popovski, Mile Spiroski and Blagunj Acovski of Lelosoi above Kostoo - Lesok )

Би сакал да укажам дека многу лица одророт Лалошои се преселени во Тетово, Скопје и други места во светот и имаат изградено куќи или живеат во станови и тоа не сум во состојба да го утврдам, но, факт е дека сите се одомени и имаат кров над глава, но, најповеќе се преселени и живаат во Скопје односно Ѓорче Петров и Тетово.



(Куќата на Александар -Сандро Симов Стојановски од Пауноој од Лешок )
(The house of Aleksandar -Sandro Simov Stojanovski - Paunooj - Lesok )

Во овој дел би сакал да напоменам дека моите родители во 1955 година имаат купено куќа во Скопје во населбата Буњаковец, но, воопшто не можеа да се вселат, бидејќи во неа живееше Гешковски Јаким со семејството ( жената Даница и синот Марко ), како станари со станарско право добиено од државата, а кој беше со потекло од Лазарополе.

Моите родители во 1971 и 1972 година купија еден стан во зградата над Победа-карши денешен Рамстор и еден стан над Современа Администрација, карши Стоковната куќа Беко- денешна ТЦ Плаза. Јас живеев во заедница со родителите од преселувањето 1970 до 1984 година. Во станот на ул. Даме Груев бр. 5/6-15 и таму ми се роди синот Огнен во мај 1982 година. Потоа, во 1984 година се преселив во станот кој го купив во населба Аеродром и таму живеам до денеска.



(На местото на старата куќа од дедо Блаже Дамјановски, синот Крсто Дамјановски изгради нова куќа-викеннндица во Лешок)
(On the place of the old house of grandfather Blaze Damjanovski, the son Krsto Damjanovski has built a new house - weekend cottage - Lesok)

Од другите родови од Старо маало или Бакар маало, по машка линија денес куќи имаат: Аљаљооj 2, Ѓољакооj 2, Кокооj 3, Мазаракооj 3, Скукооj 3 , Сандарооj 1, Цокелооj 3, Шомееj 1, Ѓољакооj 3, Ќапељаноoj 1, Јанини 2, додека од Прљакооj, денес нема ниедна куќа.



( Лешок, Ноември 2007, Месноста Кале, македонците- мајстори Василие, синот Ѓорѓи и внукот Кице од с.Туминец Мала Преспа, Албанија, Јас, со братучедите Драго Попоски и Стојан Спироски)
( Lesok, November 2007, Citadele, makedoncite Vasilie, son Gorgi and grandson Kice from v. Tuminec,Mala Prespa, Albania, Mitko Spiroski, with Drago Poposki and Stojan Spiroski)



(Лешок,Октомври 2007, Славица Спироска,Невена Ќулавкова и мајсторот Василие с.Туминец, Албанија)
(Lesok, Oktober 2007, Slavica Spiroska, Nevena Kulavkova i Vasilie Tuminec, Albania)

Секако дека овој податок јасно укажува на големината на родот Лалошои од Лешок, како во минатото, така и денес 2008 година, бидејќи по машка линија е најброен, најповеќе има образовани лица, најповеќе има бизнисмени и занаетчии, а најповеќе има и куќи во однос на другите родови од Лешок и од Тенеке маало и од Долно маало.



( Скопје,18.10.2009, Свекорот Митко Спироски и снаата Маја,дарување нотес за запишување рецепти )
( Skopje, 18.10.2009, Father-in-law Mitko Spiroski and Maja,giving Note-book for recepes )